What happens if someone in my family can’t make decisions because of disability, illness or injury?

# Што се случува ако некој во моето семејство не може да донесува одлуки поради попреченост, болест или повреда?

Полнолетните лица имаат право сами да донесуваат одлуки за нивниот живот.

Но, понекогаш тие не можат да донесуваат одлуки поради попреченост, болест или повреда. На пример, поради тешка деменција.

Полнолетните лица може да одберат некого да донесува одлуки наместо нив, ако во иднина нема да можат самите да донесуваат одлуки.

Тие го прават тоа со пополнување на еден специјален образец наречен ‘enduring power of attorney’.

Ако не го направиле тоа, а не можат да донесуваат одлуки поради попреченост, болест или повреда, постои трибунал кој може да помогне. Тој се вика ‘Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT)’.

VCAT може да одбере некого (кој се нарекува ‘administrator’ – „администратор”) за да донесува одлуки во врска со парите и имотот на лицето.

VCAT може да одбере некого (кој се нарекува ‘guardian’ – „старател”) за да донесува одлуки во врска со начинот на живеење на лицето.

Тоа може да биде одлука за тоа каде лицето живее или кои услуги му се потребни – на пример, помош дома.

## Одлуки за медицинско лекување

Со закон е одредено кој може да донесува одлуки за медицинско лекување на друго лице (ако тоа лице не може самото да донесува одлуки). На пример, тоа може да биде мажот или жената на лицето, или негово/нејзино полнолетно дете.

## Ако имате прашања

За совет може да се јавите на Office of the Public Advocate (Канцеларијата на Јавниот застапник) на телефон 1300 309 337 или посетете ја интернет страницата **www.publicadvocate.vic.gov.au**

Interpreter

Може да побарате телефонски преведувач.